Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

Арх.бр. 01-877/2

Дата. 09-02-2021

До: Министерство за информатичко општество и администрација
Република Северна Македонија
1000, Скопје

Предмет: Барање на согласност за примена

Почитувани,

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18) и ("Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20), Во прилог на овој допис Ви доставуваме Правилник за измена и дополна на Правилникот за систематизација на работните места, на МЖСПП на Ваше понатамошно постапување и разгледување.

Во членот 7, во делот на вид на образование бараме да се додаде Технологија и прехрамбени производи поради тоа што извршителите на тоа работно место имат исклучиво работа во делот на спроведувањето на проектите од областа на води и отпад и за таа намена потребно е да бидат лица технолози во конкретен случај технологија на прехрамбени производи, кои ке можат да ги спроведуваат активностите на проектите во таа област.

Со почит,

Министер
NASER NUREDINI

Изготвил: Misrete Edipi
Одобрил: Државен секретар
Каја Шукова

Прилог: Измена на систематизација


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20), Министерот за животна средина и просторно планирање, донесува:

**ПРАВИЛНИК**

**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за животна средина и просторно планирање**

**Член 1**

Со овој правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за животна средина и просторно планирање број 01-2372/1 од 03.05.2017 година, 01-1832/2 од 12.03.2018 година, 01-1832/6 од 02.04.2018 година, 01-3932/1 од 16.07.2019 година, 01-4222/1 од 31.07.2019 година, 01-4222/4 од 04.09.2019 година, 01-4222/5 од 07.10.2019 година, 01-4222/7 од 15.10.2019 година, 01-6478/3 од 30.12.2019 година, 01-7008/1 од 30.12.2019 година, 04-1604/1/1 од 02.03.2020 година и 01-4510/1 од 30.10.2020 година, 01-4583/1 од 05.11.2020 година, 01-5091/1 од 04.12.2020 година, 01-70/1 од 05.01.2021 година и тоа:

**Член 2**

Во делот табеларен приказ на работни места, во Сектор за Европска Унија, Одделение за координација и техничко спроведување на Инструментот за Претпристапна помош (ИПА), во работното место со реден број 63, со шифра УПР 01 01 Б04 000 назив на работно место - Раководител на одделение за координација и техничко спроведување на Инструментот за Претпристапна помош (ИПА), во делот на вид на образование после зборовите "Јавна управа и администрација" се додаваат зборовите "Правни науки" и "Економски науки".

**Член 3**

Во делот табеларен приказ на работни места, во Сектор за Европска Унија, Одделение за координација и техничко спроведување на инструментот за претпристапна помош (ИПА), во работното место со реден број 65, со шифра УПР 01 01 В01 000 назив на работно место - Советник за техничко спроведување на инструментот за претпристапна помош (ИПА), во делот на вид на образование зборовите "Економски науки", "Хемиско инженерство" и "Јавна управа и администрација", се заменуваат со зборовите "Градежништво и водостопаснтво", "Архитектура, урбанизам и планирање" и "Хемиска технологија".

**Член 4**

Во делот табеларен приказ на работни места, во Сектор за Европска Унија, Одделение за координација и техничко спроведување на инструментот за претпристапна помош (ИПА), во работното место со реден број 68, со шифра УПР 01 01 В04 000 назив на работно место - Помлад соработник за административна поддршка, во делот на вид на образование зборовите "Машинство" се заменуваат со зборовите "Организациски науки и управување (менаџмент)".

**Член 5**

Во делот табеларен приказ на работни места, во Сектор за Европска Унија, Одделение за програмирање и мониторинг на имплементацијата во рамките на инструментот за претпристапна помош (ИПА), во работното место со реден број 73, со шифра УПР 01 01 В01 000 назив на работно место - Советник за технички мониторинг на имплементацијата во рамките на Инструментот за претпристапна помош (ИПА), во делот на вид на образование после зборовите "Архитектура, урбанизам и планирање" се додаваат зборовите "Животна средина".

**Член 6**

Во делот табеларен приказ на работни места, во Сектор за Европска Унија, Одделение за координација и техничко спроведување на инструментот за претпристапна помош (ИПА), во работното место со реден број 75, со шифра УПР 01 01 В04 000 назив на работно место - Помлад соработник за програмирање во рамките на инструментот за претпристапна помош (ИПА), во делот на вид на образование зборовите "Градежништво и водостопанство" се заменуваат со зборовите "Политички науки".

**Член 7**

Во делот табеларен приказ на работни места, во Сектор за Европска Унија, Одделение за програмирање и мониторинг на имплементацијата во рамките на инструментот за претпристапна помош (ИПА), во работното место со реден број 76, со шифра УПР 01 01 В04 000 назив на работно место - Помлад соработник за мониторинг во рамките на инструментот за претпристапна помош (ИПА), во делот на вид на образование после зборовите "Архитектура урбанизам и планирање" се додаваат зборовите "Технологија на прехрамбени производи".

| **3. Сектор** | **Европска Унија** |
|---|---|
| **3.4. Одделение** | **За програмирање и мониторинг на имплементацијата во рамките на инструментот за претпристапна помош (ИПА)** |
| Реден број | 76. |
| Шифра | УПР 01 01 В04 000 |
| Ниво | В4 |
| Звање | Помлад соработник |
| Назив на работно место | Помлад соработник за мониторинг во рамките на инструментот за претпристапна помош (ИПА) |
| Број на извршители | 2 |
| Одговара пред | Раководител на одделение |
| Вид на образование | Градежништво и водостопанство, Архитектура урбанизам и планирање, Технологија на прехрамбени производи |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Извршување на секојдневни рутински задачи поврзани со мониторинг на ИПА програмите и проектите |
| Работни задачи и обврски | • Помладиот соработник за мониторинг во рамките на инструментот за претпристапна помош (ИПА) врши едноставни работни задачи врз основа на конкретни упатства и насоки со постојан надзор од страна на раководителот на одделението, а кои се однесуваат на следењето на спроведувањето на ИПА, преку извршување на следните работни должности; |

| | |
|---|---|
| | • Помага при вршење на технички мониторинг, кое вклучува административни и проверки на самото место на редовна основа, на извршувањето на договорите од страна на изведувачите/ консултантите, известувајќи го СПО/ИПА Координаторот за проблемите или неизвршувањето на текот на спроведувањето на договорите **особено во делот на спроведување на проектите од областа на води и отпад**;<br>• Ги проверува извештаите на изведувачот/консултантот („прочитано и одобрено") кои треба да бидат одобрени од СПО/ИПА Координаторот **особено во делот на спроведување на проектите од областа на води и отпад**;<br>• Ги проверува привремените/конечните прифаќања („потврдена точност") кои треба да бидат одобрени од СПО/ИПА Координаторот;<br>• Помага при подготвување на месечни извештаи за напредокот при спроведување на проектите **особено во делот на спроведување на проектите од областа на води и отпад;**<br>• Учествува на редовни состаноци за следење на програмата со ЦФЦД, НАО, НИПАК и ЕЦД;<br>• Помага при подготовка на документи за работата на Комитетот за следење и/или Секторските комитет за следење на ИПА, ако е потребно;<br>• Известува за евентуалните неправилности;<br>• Извршува проценка на ризици и пополнува Образец за идентификување на ризици;<br>• Во своето работење ги почитува барањата за етика и интегритет на работното место;<br>• Дава предлози за планот на работа на одделението и извештај за напредокот за спроведување на неговата работа; |

**Член 8**

Во делот табеларен приказ на работни места, во Сектор Просторно планирање, во работното место со реден број 96, со шифра УПР 01 01 Б03 000 назив на работно место – Помошник раководител на сектор за просторно планирање, во делот на вид на образование зборовите "Геодезија" се заменуваат со зборовите "Географија", и после зборовите "Архитектура урбанизам и планирање" се додаваат зборовите "Градежништво и водостопанство"

**Член 9**

Во делот табеларен приказ на работни места, во Сектор Просторно планирање, Одделение за планови и просторна политика, во работното место со реден број 97, со шифра УПР 01 01 Б04 000 назив на работно место – Раководител на одделение за планови и просторна политика, во делот на вид на образование зборовите "Геодезија" се заменуваат со зборовите "Градежништво и водостопанство".

**Член 10**

Во делот табеларен приказ на работни места, во Сектор Просторно планирање, Одделение за спроведување на просторни планови, во работното место со реден број 102, со шифра УПР 01 01 Б04 000 назив на работно место – Раководител на одделение за спроведување на просторни

планови, во делот на вид на образование зборовите "Геодезија" се заменуваат со зборовите "Градежништво и водостопанство".

**Член 11**

Во делот табеларен приказ на работни места, во Сектор за координација на работата на министерот, Одделение за комуникација, односи со јавност и едукација, во работното место со реден број 141, со шифра УПР 01 01 Б04 000 назив на работно место – Раководител на одделение за комуникација, односи со јавност и едукација, во делот на вид на образование зборовите "Економски науки" се заменуваат со зборовите "Правни науки".

**Член 12**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесување, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Министер
**NASER NUREDINI**

Број 01-877/2
0 ? -02- 2021

Република Северна Македонија

**Министерство за информатичко општество и администрација**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës**

До: **Министерство за животна средина и просторно планирање**

**Архивски број:** 09-133/6
**Датум:** 11.**02.2021 година**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20), Министерството за информатичко општество и администрација дава:

**СОГЛАСНОСТ**
**на**

1. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во **Министерството за животна средина и просторно планирање**, со архивски број 01-877/2 од 09.02.2021 година.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

**Министерството за животна средина и просторно планирање** поднесе барање до Министерството за информатичко општество и администрација за добивање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места.

Министерството за информатичко општество и администрација го разгледа доставениот акт и констатира дека истиот е во согласност со одредбите од Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, Правилникот за содржината и начинот на подготовка на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места и Каталогот на работни места во јавниот сектор.

**Drejtuar: Ministrisë së mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ - Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR - Shkup
17-02-2021
01 877/3

**Numri i arkivit:** ______
**Data: __.02.2021**

Në bazë të nenit 17 paragrafi (7) të Ligjit për të punësuarit në sektorin publik („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë", numër 27/14, 199/14, 27/2016, 35/2018, 198/2018 dhe „Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut, numër 143/19 dhe 14/20), Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës jep:

**PËLQIM**
**të**

1. Rregullores për ndryshimin dhe plotësimin e Rregullores së sistematizimit të vendeve të punës në **Ministrinë e mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor**, me numër të arkivit 01-877/2, të datës 09.02.2021

**ARSYETIM**

**Ministria e mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor**, pranë Ministrisë së Shoqërisë Informatike dhe Administratës, parashtroi kërkesë mbi marrjen e pëlqimit të Rregullores për ndryshimin dhe plotësimin e Rregullores së sistematizimit të vendeve të punës.

Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës, e shqyrtoi aktin e dorëzuar dhe konstatoi se i njëjti është në harmonizim me dispozitat e Ligjit të nëpunësve administrativ, Ligjit të të punësuarve në sektorin publik, të Rregullores së përmbajtjes dhe mënyrës së përgatitjes së akteve mbi organizimin dhe sistematizimin e brendshëm të vendeve të punës, si dhe të Katalogut të vendeve të punës në sektorin publik.


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија
Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës
Republika e Maqedonisë së Veriut

Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „Shën. Kirili dhe Metodi" nr. 54, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

Република Северна Македонија

Министерство за информатичко општество и администрација

Republika e Maqedonisë së Veriut

Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës

Врз основа на претходно утврденото, Министерството за информатичко општество и администрација дава согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во **Министерството за животна средина и просторно планирање,** со архивски број 01-877/2 од 09.02.2021 година.

**Со почит,**

Sipas përshkrimit të pasqyruar më lart, Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës, jep Pëlqim të Rregullores për ndryshimin dhe plotësimin e Rregullores së sistematizimit të vendeve të punës në **Ministrinë e mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor**, me numër të arkivit 01-877/2, të datës 09.02.2021

**Me respekt,**

**Министер за информатичко општество и администрација**
**Ministër i Shoqërisë Informatike dhe Administratës**
**Doc. Dr. Jeton Shaqiri**

Подготвив / Përgatiti: Ивана Бибан Петроска / Ivana Biban Petroska
Преведувач / Përkthyese: MSc. Rudina Batku



Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија
Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës Republika e Maqedonisë së Veriut

Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „Shën. Kirili dhe Metodi“ nr. 54, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk